Почитувани родители,

Образованието е најважното нешто за Вашето дете, потребно за добар живот во Германија. Со овој допис сакаме да Ви ги дадеме најважните информации околу образованието во нашата покраина Рајнланд-Фалц (Rheinland-Pfalz).

Образованието во Ранјланд-Фалц почнува во детска градинка (Kindergarten), впрочем како друг збор за „детска градинка“ се користи и изразот „детска градинка за дневен престој“ (Kindertagesstätte). Во градинката за дневен престој Вашето дете може да си игра со други деца и да стекне нови пријатели. Пред се' таму го учи германскиот јазик. Децата играјќи со други деца посебно брзо учат странски јазици. Затоа е голема шанса за Вашето дете, што побргу да посетува некоја детска градинка за дневен престој. Секое дете во Рајнланд-Фалц, од една година возраст има право на место во градинка за дневен престој. Тоа значи, ако сакате, Вашето дете може во секој случај да добие место во градинка за дневен престој. Местото е дури бесплатно за деца со наполнети две години.

Со воспитувачките можете да разговарате околу сите детали. Освен тоа, во првите неколку недели можете да го придружувате детето и да се уверите дали нему му се допаѓа во градинката. Нам во Германија ни е важно да имате доверба во воспитувачкиот кадар и да соработувате со нив. Затоа можете во секое време да им поставувате прашања.

За најмладите градинката е првиот чекор во новата земја. Постарите деца во Германија посетуваат училишта.

Вредно учење, добро образование и добро свидетелство се предуслови за добар живот во Германија, како и за наоѓање добра работа. Бидејќи образованието е толку важно, во Германија постои задолжително школување. Тоа значи дека и во нашата покраина Рајнланд-Фалц секое дете е должно да посетува училиште (§56 Закон за школство).

За да биде успешно во училиштето, Вашето дете мора брзо да учи германски јазик. Со таа цел во Рајнланд-Фалц училиштата нудат интензивни курсеви. Во тие курсеви се учи по 20 часа неделно германски јазик. Покрај учењето

германски јазик Вашето дете учи и други предмети заедно со германските школски другари и другарки. Во предметите во кои германскиот јазик не е најважен, Вашето дете може да воспостави контакт со своите врсници и да се спријатели. Такви предмети се на пример уметност, музика, спорт и –ако Вашето дете владее англиски – англискиот јазик.

На едно добро училиште му се потребни довербата на родителите и соработката меѓу родителите, наставниците и ученичките и учениците.  Во училиштето можете да добиете информации за можностите во образованието во нашата земја.  Затоа можете да им се обратите со прашања до наставниците или раководителката или раководителот на училиштето.

Ви пожелуваме се’ најдобро во Германија а на Вашето дете многу радост и среќа во градинката, како и успех во училиштето.



Ирене Алт (Irene Alt)

државна секретарка за интеграција, семејство, деца, млади и жени



Вера Рајс (Vera Reiß)

државна секретарка за образование, наука, дообразование и култура